European Union

IPA Cross-border Programme,
CCI Number 2007CB16IPO007

# Методологија за идентификување на обесхрабрени и неактивни лица на пазарот на труд

## Service Contract No. 2007CB16IPO007-2011-2-12/03

**Скопје**

**Ноември 2012**



*"The project is co-funded by EU through the – IPA Cross – Border Programme CCI number 2007CB16IPO007"*

## СОДРЖИНА

1 ВОВЕД ..........................................................................................................3

2 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ИЗБОР НА ОБЕСХРАБРЕНИ И НЕАКТИВНИ ЛИЦА....4

3 ФАЗА 1 "ИДЕНТИФИКАЦИЈА":........................................................................4

4 ФАЗА 2 "СЕЛЕКЦИЈА":.....................................................................................5

# 1 Вовед

Активирањето на обесхрабрените и неактивните лица е важен приоритет на политиките на пазарот на трудот и има значење како од аспект на зголемувањето на работната сила за поддршка на економскиот развој, така и од аспект на социјалната вклученост. Трајно невработените немаат развиени самостојни способности поврзани со планирање и управување на нивната однесување на пазарот на трудот, што значи дека кај обесхрабрените и неактивните лица освен формирањето на професионални компетенции од особена важност е да се поттикнат да се обучуваат и сами да си бараат работа.

Една од задачите на консултантот “БАЛКАН ДЕВЕЛОПМЕНТ СОЛУТИОНС БДС” во рамки на проектот “Социјална кохезија преку инвестиции во човечки ресурси” (2007CB16IPO007-2011-2-12), е изработка на Методологија за идентификување и селекција на најмалку 100 обесхабрени и неактивни лица (претставници на целните групи на проектот - долгорочно невработени лица, лица од ранливи групи, обесхрабрени лица кои долго време се без работа, работоспособни лица со посебни потреби), кои ќе учествуваат во истражување по пат на прашалници со цел да се одредат и изберат учесници за мотивациониот тренинг во рамките на проектот.

Карактерна карактеристична црта на оваа целна група е недостатокот на мотивација и ниската економска активност. Недостатокот на работни навики и социјалната изолација на обесхрабрени и неактивни лица е предуслов за долготрајна невработеност, придружувана со мноштво дополнителни компликации:

- емоционален стрес и општествена апатија;
- негативна став кон можностите за реализација преку професионална квалификација и преквалификација;
- сиромаштија и незадоволство, кои од своја страна лесно се претвораат во криминогени фактори во однесувањето на лицата од оваа возрасна група.

Проектните активности ќе се реализираат на територијата на општина Куманово.

Нарачател е Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија Куманово која го имплементира проектот **“Социјална кохезија преку инвестиции во човечки ресурси” реф. бр. 2007CB16IPO007-2011-2-12, финансиран по програмата IPA Cross-border Programme CCI Number 2007CB16IPO007 помеѓу Република Бугарија и Република Македонија.**

## 2 Идентификување и Избор на обесхрабрени и неактивни лица

Консултатнтот ќе ги идентификува обесхрабрените и неактивни лица кои во последните две години не работеле и / или учеле и не се регистрирани во Агенцијата за вработување во Куманово, и ќе изврши избор на учесници меѓу нив за вклучување во проектот во блиска координација со нарачателот на задачата.

Ова е битно да се потенцира уште на почетокот со оглед на тоиа што ја дефинира главната политика на Консултантот во реализацијата на оваа задача. Ваквиот пристап е неопходен, со оглед на:

- Големиот број на лица (претставници на целните групи на проектот) идентификувани во АВ во Куманово
- Претходното искуство и регистрираните лица од страна на Нарачателот
- Малиот број на лица кои нтреба да се идентификуваат како потенцијални учесници во проектната активност (100)

Со оглед на претходното Консултантот ја предлага следната постапката за избор:

## 3 Фаза 1 "Идентификација":

Со оглед на погоре кажаното во однос на идентификувањето на учесниците во истражувањето, како прв и генерален услов е кандидатите треба да ги исполнуваат следниве барања – да се дел од целните групи на проектот:

- обесхрабрени лица - лица кои сакаат да работат и се на располагање да почнат да работат, но не бараат таква, бидејќи сметаат дека нема да најдат;
- неактивни лица - лицата кои не се зафатени и не се регистрирани во ДБТ;
- невработени лица без образование, со низок степен на образование и без специјалност и професија.
- ранливи групи дефинирани со проектот

Со оглед на ограничениот и мал број, изборот ќе се направи од идентификувана листа на лица кои ги исполнуваат претходните критериуми а е претходно составена од Нарачателот во соработка со заинтересирани страни во општина Куманово, релевантни за целните групи на проектот.

Консултантот предла начинот на спроведување на идентификација на кадидатите за селекција,за учество во проектните активности да се одржи во три чекора:

***1)*** Пополнување на Прашалник
***2)*** Вклучување на кандидатите во ***Поширока листа на кандидати;***

3) Анализа на резултатите од истражувањето преку прашалници и изготвување на ***Кратка листа на кандидати*** (20)

**Прашалник**

Консултантот изработи прашалник (Прилог 1), кој во соработка со Нарачателот ќе го дистрибуира до идентификуваните 100 претставници од целните групи.

Врз база на тоа кој од испитаниците вратил пополнет Прашалник, Консултантот ќе изготви проширен список на кандидати.

Консултантот ќе изработи Извештај од истражувањето каде накратко ќе ги посочи наодите.

Врз база на наодите Консултантот ќе изработи ***Кратка листа на кандидати.***

**4 Фаза 2 "Селекција":**

Консултантот заедно со Нарачателот ќе ја анализаираат Кратката листа на кандидати и ќе ги утврдат како можни учесници на Мотивациониот тренинг.

Можноста да учествуваат на Мотивациониот тренинг ќе им биде понудена на селектираните кандидати и после нивно прифаќање се прави листа на учесници на Мотивациониот тренинг.

Пополнетите прашалници од учесниците на тренингот ќе бидат и еден вид нивно досие на тренингот.

Во случај на откажување на учеството во тренингот на некој од учесниците, непосредно на или за време на тренингот, Нарачателот ќе обезбеди негова замена од ***Поширократа листа на кандидати***